СУТКОЗ
Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Р. Македонија
ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
Бр. 0302-72
26.2 2016 год.
СКОПЈЕ

ССМ

# СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
# FEDERATION OF TRADE UNIONS OF MACEDONIA

Булевар "Дванаесетта македонска бригада" бр. 2, 1.000 Скопје 3161374 тел/факс 3115787 e mail: info@ssm.org.mk

**ДО:** Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ(СУТКОЗ)

СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Совет на Сојузот на синдикатите на Македонија
Бр. 0302-58/1
08.02. 2016 год.
СКОПЈЕ

**Претседател, Дарко Димовски**

**ПРЕДМЕТ:** Известување

Почитувани,

Извршниот одбор на Претседателството на ССМ на заедничка седница со Комисијата за начинот на финансирање на ССМ ја разгледуваа состојбата во делот на уплата на членарина од страна на синдикатите здружени во ССМ и констатираа дека од страна на Вашиот синдикат во континуитет се забележува намалување на уплатата на членарината кој ја уплаќате во Сојузот на синдикатите на Македонија иако број на членови на Вашиот синдикат пријавен во Сојузот на синдикатите не е намален.

Согласно чл. 5 од Статутот на ССМ и врз основа на Одлуката за финансирање на Сојузот на синдикатите на Македонија бр.0702-77/3 од 19.03.2012 година должни сте на ССМ од синдикалната членарина што се прибирате од синдикалните членови да му уплатувате 22,33% доколку членарината што се собира е во висина од 0,6 % или 14% доколку членарината што се собира е во висина од 1%.

Од Ваша страна потребно е веднаш да ја корегирате уплатата на членарина во ССМ и до Комисијата за начинот на финансирање на ССМ да доставите образложение за причините поради кои во изминатиот период имате намалена уплата на членарина кон ССМ.

Непочитување на Статутот на Сојузот на синдикатите на Македонија и Одлуката за финансирање на Сојузот на синдикатите на Македонија предизвикува проблеми во нормалното функционирање на ССМ од финансиски аспект.

Исто така комисијата за начинот на финансирање на ССМ укажува дека уплатата на членарина во ССМ надвор од Одлуката за финансирање на ССМ претставува повреда на Статутот на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Врз основа на увидот од книговодствената евиденција исто така констатирано е дека со Вашето доаѓање на функцијата Претседател на СУТКОЗ ваквата постапка со намалување на уплатата на членарината во Сојузот на синдикатите на Македонија спротивно на Статутот на ССМ и Одлуката за финансирање на ССМ е зачестена.

Со почит,

Сојуз на синдикатите на Македонија
Претседател

д-р Живко Митревски

СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Совет на Сојузот на синдикатите на Македонија
ССМ
СКОПЈЕ